Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08-604/2
26.10.2022 год.
ГРАДСКО

**ЗАПИСНИК**
**од 12-та седница на Советот на Општина Градско**
**одржана на ден 07.09.2022 година, со почеток во 13.00 часот**
**во салата на Општина Градско на следниот**

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Усвојување на Записникот од 11-та седница на Советот на Општина Градско.
2. Предлог- Измена и дополнување на Буџетот на општина Градско за 2022 година- втор ребаланс.
3. Предлог- Одлука за дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Градско за 2022 година.
4. Предлог- Годишен план за вработување за 2023 година на ЈКП„Клепа“ Градско.
5. Разгледувања на барања и поднесоци.
6. Разно.

Со Седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Градско, Мирјана Ѓорѓиева.

Од 9 Советници, на седницата присутни беа сите 9 советници: Мирјана Ѓорѓиева, Цане Будимов, Даниел Мирчов, Тоше Петревски, Јованче Стојанов, Слободан Бошков, Маја Андовска, Боне Спасовски и Сеат Сулковиќ.

На седницата присуствуваше Градоначалникот на Општина Градско, Киро Нацков.

По констатацијата дека постои кворум за работа, претседателот на Советот ја отвори седницата, го прочита дневниот ред.

Дневниот ред беше ставен на гласање и со 9 гласа ЗА истиот беше усвоен.

Советот на Општина Градско, пристапи кон поединечно решавање на точките од дневниот ред за 12-та седница на Совет на Општина Градско.

*1.Усвојување на Записникот од 11-та седница на Советот на Општина Градско.*

Претседателот на Совет на Општина Градско, отвори расправа по Записникот од 11-та Седница на Совет на Општина Градско.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Записникот од 11-та Седница на Совет на Општина Градско.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско го усвои Записникот од 11-та седница на Совет на Општина Градско.

*2.Измена и дополнување на Буџетот на општина Градско за 2022 година- втор ребаланс.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 2 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Елена Смилкова од општинската администрација. Првенствено во вкупната вредност има мало зголемување. Од страна на Министерството за транспорт и врски добивме 1.000.000,00 денари за реконструкција на мостот на река Вардар кај село Уланци, но реално тие средства не се доволни за реализација. Имавме рок до кога треба да се вратат, вратени се на 01.08.2022 година и стои како пренесен вишок. Имаме зголемување на ДДВ од 766.230,00 денари и блок дотацијата од 905.000,00 денари. Општина Градско потпиша договор со Амбасадата на Република Полска во износ од 679.083,00 денари. Имаме предвидено и патување во странство, има најава за патување во Хрватска. Намалување имаме кај трошоците за улично осветлување со постапката за ЈПП, намалување имаме и кај трошоците за водоснабдување, имавме постапка за набавка на уреди за за контрола на нивото на водата. Имаме нова програма ЛА каде се предвидени 300.000,00 денари за реконструкција на игралиштето во централниот парк.Сите останати измени беа прикажани по ставки.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ги стави на усвојување Измените и дополнувањата на Буџетот на општина Градско за 2022 година- втор ребаланс.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ги усвои Измените и дополнувањата на Буџетот на општина Градско за 2022 година- втор ребаланс.

*3.Одлука за дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Градско за 2022 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 3 од дневниот ред.

Елена Смилкова- ова дополнување се прави како што веќе напоменав поради планираното патување во странство. Предходно немаше предвидено патување во странство.

Слободан Бошков- наменето е исклучиво за тој што ќе оди со градоначалникот.

Елена Смилкова- да, само за шоферот, за градоначалникот нема предвидено. Се гледаше каде е местото, се е пресметано за гориво, за патарини, се мора да биде поткепено со сметки.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Градско за 2022 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Градско за 2022 година.

*4.Годишен план за вработување за 2023 година на ЈКП„Клепа“ Градско.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 4 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде директорот на ЈКП „Клепа“ Градско, Ванчо Цветков кој кажа дека се работи за веќе вработени лица во комуналното, целта е да се трансформира работниот однос од определено на неопределено работно време. Некои од лицата работат повеќе од 5 години.

Слободан Бошков- за кои лица се работи.

Ванчо Цветков- Сања Мирчевска Наумчева, Роберт Стојанов, Перо Стојанов, Драги Филипов, Миле Ѓорѓиевски и Борче Бешовски.

Маја Андовска- ќе имаат ли поголема плата со транформацијата.

Ванчо Цветков- не ќе земаат минимална плата, плус за стаж. До сега немаше систематизација сега се прави, ќе се види и со бодовите.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Годишниот план за вработување за 2023 година на ЈКП„Клепа“ Градско.

Од присутните 9 советници, со 5 гласа ЗА и 4 ВОЗДРЖАНИ, Советот на Општина Градско го усвои Годишниот план за вработување за 2023 година на ЈКП„Клепа“ Градско.

*5.Барања*

а) Барање од Драги Филипов од Грдаско за доделување на финансиски средства потребни за операција на око.

Слободан Бошков- сума.

Јованче Стојанов- која е сумата што ја бара.

Мирјана Ѓорѓиева- нема наведено сума.

По рагледувањето на барањето со 9 гласа ЗА советниците го усвоија барањето, средствата ќе бидат определени согласно можностите на општината.

б) Барање од Живка Најдова од Градско за доделување на финансиски средства потребни за лекување.

Мирјана Ѓорѓиева- исплатени и се средства од градоначалникот, бара и од совет.

Боне Спасовски- зошто во Систина, а не во државна болница.

По рагледувањето на барањето со 9 гласа ПРОТИВ советниците го одбија барањето.

в) Барање од ФК „Локомотива 2018“ Грдаско за доделување на финансиски средства потребни за тековни активности на клубот.

По рагледувањето на барањето со 9 гласа ЗА советниците го усвоија барањето.

*6.Разно*

Маја Андовска- дали сега со ребалансот е опфатен надоместокот за исплата за новороденче.

Киро Нацков- не од наредна година.

Маја Андовска- имаат проблем со канализацијата во Водоврати, дали може да се помогне на една фамилија да се приклучат во канализацијата.

Јованче Стојанов- обично сам си копа до шахтата.

Маја Андовска- не било изводливо до поблиската шахта, било повисоко поради тоа треба да се приклуче на друга шахта која е подалеку.

Киро Нацков- нека си купат црево за другото не е проблем, машина ќе ископа.

Маја Андовска- имаше мерка од МТСП за ОКР (за лица со посебни потреби), дали може да се аплицира и за стари лица па да може да се ангажираат и други лица. За наредна седница да ни се достави да видиме кои лица и каде се ангажирани бидејќе минатиот пат имаше реакции дека ангажираните лица не оделе таму каде што треба.

Мирјана Ѓорѓиева- треба да се види, ако може.

Откако беа исцрпени сите точки на дневниот ред, Претседателот на Советот на Општина Градско ја затвори 12-та седница во 15.00 часот.

Записник водел:
Мери Седмакова Димовска

Претседател
на Совет на Општина Градско
Мирјана Ѓорѓиева